Градоначалникот на Општина Кочани врз основа на член 8 став (5) од Правилникот за доделување на стипендија на спортист-спортска надеж на општината Кочани бр.09-332/2 од 31.01.2022 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.1/2022), постапувајќи по Записникот од работата на комисијата 08-651/7 од 03.04.2023година со изготвената ранг листа и списите од предметот на ден 05.04.2022 година донесе

# О Д Л У К А

## за доделување на стипендија на спортист и спортистка – спортска надеж на општина Кочани

### Член 1

На Дино Лазарев од Кочани, член на Кошаркарскиот клуб „Баскет Дино“ и на Мартина Шахинова од Кочани, член на Карате клубот „Партизан“ од Кочани им се доделува стипендија – спортска надеж на општина Кочани за учество и остварени спортски резултати во 2022^та година.

Стипендијата се доделува за време од 10 (десет) месеци, во текот на 2023 година.

Износот на стипендијата изнесува 3.000,00 денари месечно, согласно член 2 став 1 од Одлуката бр.08-651/1 од 16.03.2023година.

Исплатата на стипендијата се изврши почнувајќи од месец март, заклучно со месец декември во 2023 година.

Средствата се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2023 година.

### Член 2

Со спортистите од членот 1 на оваа одлука на кои им се доделува стипендијта – спортска надеж на општина Кочани ќе се склучат посебени договори со кој подетално ќе се уредат начинот и условите за користење на стипендијата.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*Образложение*

Општина Кочани распиша Конкурс за доделување стипендија на спортист – спортска надеж на општина Кочани бр.08-651/3 од 16.03.2023година согласно условите и критериумите пропишани во Правилникот за доделување на стипендија на спортист-спортска надеж на општината Кочани бр.09-332/2 од 31.01.2022 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.1/2022), и во согласност со ставот 1 на точка V Стимулирање на млади спортисти од Програмата за спорт на Општина Кочани за 2023 година. Во определениот рок за поднесување на пријави се поднесени вкупно 3 пријави. Комисијата за спроведување на постапка за доделување на стипендија на спортист-спортска надеж на општина Кочани формирана со решение бр.08-651/2 од 16.03.2023 година од Градоначалникот на Општина Кочани ја разгледа поднесената пријава и за својата работа изготви Записник бр.08-651/7 од 03.04.2023година година со ранг листа на бодови на поднесените пријави и истите ги достави на разгледување и одлучување на Градоначалникот на Општина Кочани.

Градоначалникот на Општина Кочани го разгледа Записникот на комисијата и изготвената ранг-листа, истите ги прифати и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа одлука може да се изјави приговор во рок од 3 /три/ дена, од денот на приемот до Градоначалникот на Општина Кочани.

Бр.08- 651/12
05.04.2023 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани
Љупчо Папазов

Доставено до:
- архива, предмет,
- Сектор за финансиски прашања,
- Подносителел на пријава за стипендија

Изготвил: Г. Г.